**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-280
24.04 **2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеи 13 и 17, член 23 став 1 алинеја 1, член 27, член 29 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14), како и член 13 став 1 и член 27 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/1 од 23.04.2014 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/6 од 23.04.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-2435/16 од 24.04.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, односно поради недоставување на податоци во согласност со член 13 став 1 од истиот Закон, од страна на Трговско радиодифузно друштво „НОВА" ДООЕЛ Куманово, на 26-та седница одржана на 24.04.2014 година, донесе:

## Решение
## за преземање мерка

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво „НОВА" ДООЕЛ Куманово, заради извршена повреда на член 13 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14) односно заради тоа што до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не ги достави податоците во рок и на начин утврден во член 13 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14).

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/6 од 23.04.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво „НОВА" ДООЕЛ Куманово, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

4. Ова решение е конечно.

   Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 27 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14), е надлежна да врши програмски, административен и стучен надзор.

Административен надзор, согласно член 29, став 1 од цитираниот закон, се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење

со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и прописите донесени врз основа на овој закон.

Согласно член 13 став 1 од Законот за медиуми, радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му достават податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување; податоци за одговорниот уредник/уредници; податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично); податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

Надлежното регулаторно тело, согласно член 13 став 6 од цитираниот Закон, писмено ќе го опомене издавачот на медиумот кој нема да ги изврши обврските предвидени со овој член и ќе му даде дополнителен рок кој не може да биде пократок од 45 дена, а во кој издавачот на медиумот ќе биде должен да ги изврши обврските од овој член. Доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно со Законот за аудио и аудиовизуелии медиумски услуги.

Во рамките на понапред наведените законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, изврши редовен административен надзор на исполнувањето на обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми од страна на ТРД „НОВА" ДООЕЛ Куманово, при што се констатираше дека од страна на наведениот радиодифузер извршена е повреда на член 13 став 1 од Законот за медиуми, со тоа што тој не ја исполни обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги достави податоците наведени во овој член, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од точка 1, став 1 од ова решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/6 од 23.04.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

ТРД „НОВА" ДООЕЛ Куманово, не ги достави податоците до Агенцијата и покрај тоа што на 18.03.2014 година, од страна на Агенцијата упатен му е допис, бр.1587/1 (примен од негова страна на 19.03.2014), со кој е побарано од радиодифузерот да ги достави потребните податоци.

Следствено на тоа, а врз основа на член 6, став 1, алинеи 13 и 17, член 23 став 1 алинеја 1, член 27, член 29 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, како и член 27 став 1 и член 13 став 1 од Законот за медиуми, Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/1 од 23.04.2014 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/6 од 23.04.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-2435/16 од 24.04.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, наведено во точка 1 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на ден 24.04.2014 година, донесе решение со кое кон ТРД „НОВА" ДООЕЛ Куманово, презема мерка – опомена.

Агенцијата му наложи на радиодифузерот, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми односно да ја исполни обврската до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги достави податоците согласно со член 13 став 1 од Законот за медиуми. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение,

да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.03-2440/6 од 23.04.2014 година

**Доставено до:**
- ТРД „НОВА" ДООЕЛ Куманово;
- управителот на ТРД „НОВА" ДООЕЛ Куманово;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бул „ВМРО" бр.3, 1000 Скопје
Тел: +389 23 103 400 Факс: +389 23 103 401

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 23.04.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2440/6 | 1 | |

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14) се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Административниот надзор се врши на работењето на:
   ☐ Издавач на печатен медиум ☑ Телевизија ☐ Радио

2. Административниот надзор се врши како: ☑ Редовен ☐ Контролен ☐ Вонреден

3. Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од од **член 13 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр184/13 и 13/14)** според кој радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му достават податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоци за одговорниот уредник/уредници, податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

4. Субјект на надзорот: **Трговско радиодифузно друштво НОВА ДООЕЛ Куманово**

5. Констатации од извршениот административен надзор: радиодифузерот **не ја исполни обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми**, односно не ги достави податоците во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5.1. Други упатени дописи:

На 18.03.2014 година, упатен е допис (наш.бр. 1587/1) со кој е побарано од радиодифузерот да ги достави потребните податоци. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека дописот е уредно примен на 19.03.2014 година.

6. Претходно изречена мерка

☑ Нема

7. Предлог – мерка: Имајќи го предвид констатираното прекршување на членот 13 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), а согласно ставот 6 од истот член, според кој *"Надлежното регулаторно тело писмено ќе го опомене издавачот на медиумот кој нема да ги изврши обврските предвидени со овој член и ќе му даде дополнителен рок кој не може да биде пократок од 45 дена а во кој издавачот на медиумот ќе биде должен да ги изврши обврските од овој член. Доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги"*, се дава следната предлог мерка:

☑ да се преземе мерка – опомена

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***